Република Северна Македонија
Министерство за транспорт
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам преку советник градежен инспектор Зоранчо Самарџиски, со службена легитимација број А090190004, изврши вонреден инспекциски надзор над објект од прва категорија на ул: Цар Самоил, КП 15486/1, КО Охрид 3, во сопственост на Марина Иванковска Танеска и Ирена Ивановска Фармакоска, со адреса на Бул: Македонски просветители бр.28А/3-4 Охрид, даден под закуп на Марио Димовски со адреса на ул: Марко Несторовски бр:157 Охрид, ЕМБГ 2708000430013, согласно Договор за закуп од 24.11.2023 година. Изработен е Записник со број: 09ип1-24 од 16.10.2015 година, со констатирани отстапувања и неправилност, врз основа на Законот за Градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ 102/19) и Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ 124/15), го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

1) ЗА ЗАТВАРАЊЕ на бесправна градба, согласно член 136, став (1) од Законот за градење, се додека не се врати објектот во првобитна состојба, согласно задолженијата од точка 2 на ова решение.

2) СЕ ЗАДОЛЖУВА физичкото лице Марио Димовски со адреса на ул: Марко Несторовски бр:157 Охрид, во својство на закупец на објект од прва категорија на ул: Цар Самоил, КП 15486/1, КО Охрид 3, Охрид, ДА ГО ВРАТИ ОБЈЕКТОТ ВО ПРВОБИТНА СОСТОЈБА, согласно Одобрение со број У.П.бр. 13-969/3 од 28.11.1995 година, од Заводот за заштита на споменици на културата и Народен музеј Охрид, за изградба на индивидуален станбен објект.

3) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1, е се до денот на завршување на сите градежни активности согласно изречената инспекциска мерка од точка 2 со враќање на објектот во првобитна состојба, односно 15 ДЕНА.

4) Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 и 2 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од ТРИ ДЕНА, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциска мерка.

5) Висината на трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, согласно член 78 став (3) и (4) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ 102/19) ќе се определат со посебен управен акт.

6) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

Образложение

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам врз основа на Законот за Градење Градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20,

227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), преку советник градежен инспектор Зоранчо Самарџиски, со службена легитимација број А090190004, изврши изврши вонреден инспекциски надзор над објект од прва категорија на ул: Цар Самоил, КП 15486/1, КО Охрид 3, во сопственост на Марина Иванковска Танеска и Ирена Ивановска Фармакоска, со адреса на Бул: Македонски просветители бр.28А/3-4 Охрид, даден под закуп на Марио Димовски со адреса на ул: Марко Несторовски бр:157 Охрид, ЕМБГ 2708000430013, согласно Договор за закуп од 24.11.2023 година.

Од увидот на лице место констатирани е дека се превземените градежни активности доградба и надградба со адаптација и пренамена, кои се изведуваат или се изградени на објект лоциран на ул.Цар Цамоил, КП.15486/1, КО Охрид 3, Охрид, објект од прва категорија од страна на субјектот на инспекциски надзор Марио Димовски се изведуваат бесправно без добиено Решение за пренамена и адаптација односно без Одобрение за градење издадени од Министерство за транспорт согласно чл.97 и чл.63 а во врска со чл.58 став 1 од Закон за градење.

Согласно член 136 став (1) од Законот за градење, а во врска со член 83 став (2) од Законот за инспекциски надзор, Градежниот инспектор на ден 13.10.2025 година, на лице место нареди затварање на објект и постави службен знак. Со ова решение се изрекува инспекциска мерка ЗАТВАРАЊЕ НА градилиште со бесправана градба.

Градежниот инспектор во спроведување на инспекцискиот надзор согласно член 132 став (2) и 137 став (2) го употреби право и должност да изрече ЗАДОЛЖУВАЊЕ и да определи рок за отстранување на неправилност, отстранување на градбата, бидејќи градбата е изведена спротивно на Законот за градење. Констатира неправилност согласно овој закон преставува прекршок, односно со посебен закон е утврена како кривично дело.

Согласно член 142 став (2) Ако извршеникот не постапи по решението, за градба од прва категорија, решението ќе го изврши и ќе спроведе административно извршување градежниот инспектор.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната страна има право да изјави жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен.

Решено во Државен инспекторат за градежништво и урбанизам под бр. 09ип1-24 од 27.10.2025 год.

Зоранчо Самарџиски, д.г.и.
службена легитимација број А090190004,
Советник градежен инспектор

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Inspektorati Shtetëror për Ndërtimtari dhe Urbanizëm
Скопје - Shkup
Државен инспекторат
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Republika e Maqedonisë së Veriut

М.П.